УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

## (Прилози од научната конференција одржана во Скопје на 3-4 мај 2022 год.)

СКОПЈЕ 2023

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР:

Катерина Тодороска, претседател
Митко Б. Панов
Драгица Поповска
Силвана Сидоровска - Чуповска
Вера Гошева
Лидија Ѓурковска

Наташа Диденко, секретар

## КОН ЧИТАТЕЛОТ

Во долготрајната македонска историја бележиме значајни имиња на дејци кои го вложиле својот живот за создавање на самостојна македонска држава. Сепак, низ годините се издвоиле неколку имиња на патриоти чиј придонес е неспорен, а во меморијата на македонскиот народ прераснале во национални херои. Едно такво име е Гоце Делчев, апостолот на македонската национална борба за македонска државност.

ЃОРЃИ (ГОЦЕ) ДЕЛЧЕВ (4 февруари 1872 – 4 мај 1903) во македонската историја е синоним за една автентична борба за создавање независна македонска држава, а неговата севкупна активност ги рефлектира контурите на просветителските тенденции, военото организирање и идеолошката определба изразена меѓу другото и преку пацифистичката идеја за културен натпревар меѓу народите. За ова зборуваат достапните архивски документи и богатата научна литература, во кои Гоце Делчев се определува како идеолог, организатор, водач на македонското револуционерно националноослободително движење и како еден од составувачите на правните акти на Македонската револуционерна организација. Незаменлива е неговата улога во изработката на Уставот на Организацијата, во кој биле опфатени нејзините цели и задачи, уредувањето, раководењето, финансирањето, како и нејзините симболи.

Епохата во која живеел и дејствувал Гоце Делчев е обработена во голем број историски трудови од македонски и од странски автори посветени на Македонија и на македонското прашање, на македонскиот народ и на македонското револуционерно движење. Тоа го одразува неговиот неспорен придонес во идеите за создавање на современата македонска држава, а неговиот ангажман остава белег на многу полиња од нашето денешно живеење и е трајно вграден во колективната меморија на македонскиот народ.

Во чест на најголемиот македонски син, Институтот за национална историја организираше научна конференција насловена „150 години од раѓањето на Гоце Делчев“ која се одржа на 3 и 4 мај 2022 година во Скопје.

Конференцијата ја отвори проф. д-р Катерина Тодороска, во својство на претседател на Организациониот одбор за одбележување на 150 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев од Институтот за национална историја, акад. Љупчо Коцарев, како претседател на Македонската академија на науките и уметностите и проф. д-р Никола Јанкуловски, како ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Во пригодниот дел на Конференцијата, генералниот директор на Пошти на РС Македонија, г-дин Васко Стефанов ја промовираше пригодната марка со ликот на Гоце Делчев, издадена од Пошти на РС Македонија, а г-ѓа Светлана Петрова во својство на претседател на Фондацијата „Ангел Петров" ја отвори изложбата на портрети на Гоце Делчев изработени од академскиот сликар, Ангел Петров.

Во работниот дел на Конференцијата настапија 45 научни работници со свои трудови, во кои со нови и компаративни сознанија, ги опфатија сите аспекти на гоцевата широка дејност. Имајќи го предвид значењето на темите и прашањата кои беа третирани на Конференцијата, Организациониот одбор одлучи презентираните материјали да ги објави во посебен Зборник и на тој начин да ги направи достапни за пошироката научна, културна и општествена јавност.

Во оваа прилика, се заблагодаруваме на сите учесници на Конференцијата, на нашите партнери во организацијата на чествувањето на 150 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, на пријателите и помагателите во реализацијата на сите активности.

.

15. 03 2023 год                                        Уредувачки одбор



# ВОВЕДНИ ОБРАЌАЊА

UDK 398.8:325.83-05Делчев,Г.(497.742+497.715)

Ана Витанова-Рингачева
Иван Котев
„Универзитет Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип

# СОВРЕМЕНИ ЗАПИСИ НА НАРОДНИ ПЕСНИ И КАЖУВАЊА ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД СТРУМИЧКО – ГЕВГЕЛИСКИОТ РЕГИОН

Summary: The essay is about Goce Delchev and the reflection of his character and work in folk songs and sayings in the Strumica - Gevgelija region. The songs abound with different motifs and plots and rich symbolism. They were recorded on tapes in the territory of Strumichko and Gevgelisk and are authentic proof that these songs are still sung today. They are a message and a promise to love and protect the freedom and independence of our homeland.

Keywords: Macedonia, Goce Delchev, song, people, revolutionary.

Гоце Делчев бил свесен дека дејноста на организираните сили треба да биде насочена кон менување на свеста на македонскиот човек, за тој да ја сфати својата сила, своите можности, во него да го разбуди непрегорот. Затоа тој секогаш, кога тоа било можно, неуморно крстарел низ Македонија будејќи го духот на народот и подготвувајќи го за борба. Делчев знаел дека неукиот народ не треба да биде роб, туку да сфати дека во него е силата за ослободување. Поради тоа, секогаш, кога било можно, бил меѓу народот, зборувал со луѓето, држел говори, заедно со своите соработници, кои ги избирал од најспособните и од најхрабрите луѓе. Целта им била од обичниот селанец, кој живеел во стеги да создадат борци за слобода и правда. Нивната искреност и самопрегор придонеле народот да им верува и да ги следи, а Гоце станал инспирација за народната песна која претставува најголем споменик што може да го подигне народот кој опстојува со децении сред македонскиот народ.

Песната за Гоце Делчев се пеела, се пее и денеска, а ќе се пее и во иднина. Таа е спомен и патоказ, светлина што сјае, потсетник што, едновремено, шепоти и грми за вечната борба за опстојување, за многуте жртви и херојства. Името на Гоце Делчев станало патеводилка за народот кој пеел за делото на својот голем син.

Потпирајќи се на богатата народна традиција, народниот пејач создава и пресоздава, актуализира и адаптира. На тој начин, бројот на песните посветени на Гоце Делчев расте, а во нивсилно е изразена емоцијата. Песните за нашиот најголем син обилуваат со бројни мотиви, така што се пеело за смелите подвизи на Гоце, за љубовта на народот кон својот водач и учител, за неговата херојска смрт. За неговата смрт која е опеана во толку многу песни, народот почнал да пее „...непосредно по смртта на Гоце Делчев (мај 1903 година). Тоа може да се констатира од големиот фонд песни испеани по повод неговата херојска смрт“.[1] Нема личност чија смрт е толку болно и силно доживена како смртта на Гоце Делчев, а сепак болката пренесена во песна.

---

[1] *Гоце Делчев во народното и уметничкото творештво,* Редакција: Христо Андонов–Полјански, Скопје 1972, 373 – 374.

Гоце Делчев бил голем љубител на народната песна и сакал да ја пее. Имал свои „љубими песни“, каква што била песната „Ајде мори кукни, кукни“. Некои негови современици „...ја истакнуваат таа негова љубов кон народната песна. При собирите, во долгите комитски среќавања, особено во планинските јатаци и средишта, тој ги насрчувал песнопојците кон народната песна.... Тука е присутен интересниот феномен, што македонскиот народ, иако разделен на три дела, особено по Балканските војни, наоѓал утеха во народната песна, наоѓал место својот првенец да го уобличи и претстави со неговиот светол лик. Карактеристичен е фактот што продукцијата на таа народна лирика била присутна и е присутна во сите делови на Македонија. Веќе седум децении неговиот лик не се симнува од пиедесталот на анонимното творештво на македонскиот народ“.[2]

Во педесетгодишната собирачка активност на Иван Котев, особено кога своевремено Институтот за фолклор од Скопје покренува акција за прибирање фолклорни материјали низ цела Република Македонија, во Струмичко – Гевгелискиот регион запишува голем број комитски и револуционерни песни, меѓу кои шеснаесет песни поврзани со ликот и делото на Гоце Делчев. Дел од овие песни се објавени, а дел се во тек на обработка и ќе бидат спомнати на овој симпозиум. Иако навидум мал е бројот на запишаните песни, имаме можност да изделиме неколку основни мотиви, а спектарот на мотивите поврзани со ликот на Гоце Делчев е е широк.

Го среќаваме мотивот за судбината, пишаното, предодреденото, благословеното. Според народниот пејач, Гоце е предодреден да се бори за слободата на Македонија:

*Мајка роди машко чедо,*
*па го крсти Ѓорги,*
*силен да је, личен да је,*
*учен да ми стане.*
*„Учен да ми станеш, сине,*
*јунак ти да бидеш!*
*Пушка да си земеш, сине*
*и јостра сабја,*
*на Пирин да одеш, сине,*
*с Турци да се бориш!*[3]

Народниот пејач, освестен и национално ориентиран, поставува еден нов квалификатив: не се потребни само храброст и јунаштво, туку и училиште, образование – знаење! Оти, околностите се изменети. Светот веќе бил длабоко навлезен во епохата на индустриската револуција. Новите општествено – економски и технолошки процеси почнаа да ја нагризуваат апсолутистичка Турција. Затоа потребата од знаење се наметнува како императив.

Во голем број песни го среќаваме мотивот за организирање на народот за општонародната борба за слобода. Со овој мотив се испреплетува мотивот за горaта и планината, тие вечни мајки и заштитнички на борците за народна слобода. Горaта треба подготвена да го дочека големиот јунак:

*Развивај горо зелена,*
*направи сенка ладена!*
*Направи сенка ладена,*
*извади вода студена!*

---

[2] Истото, 74

[3] Песната е снимена на 8.5.1971 година во с. Старо Коњарево, Струмичко; пееше: Иван Грозданов, роден 1949 год. во с. Старо Коњарево, земјоделец со завршено VIII одделение. Снимил и дешифрирал: Иван Котев.

*Извади вода студена,*
*през теп ште мине Делчето,*
*през теп ште мине Гоцето!*[4]

Народниот пејач е голем уметник. Тој доста вешто ја доловува сликата кога Делчев, со својата дружина, „верна, избрана“, влегува во горатa:

*Ете го Делчев де иде,*
*наметнал пушка на рамо,*
*јостегнал сивото којнче,*
*право си тегле ф Струмица,*
*ф Струмичко Поле широко.*[5]

Песна со ист мотив запишавме и во с. Робово, Струмичко. Гоце ја користел секоја можност да ги мотивира, упатува и да ги насрчува своите другари и соборци. Една импресивна слика: Вардар. Покрај Вардара, зелена ливада со нискостеблести дрвја. Под дрвјата, група млади комити, а над нив стои „Делчев млад војвода“. Тој гордо исправен им зборува:

*–Еј бре момци, славни Македонци!*
*Вәја вечер Вардар ќе минеме,*
*а сутрина – Ѓевгелиско поле,*
*за вечера – во града Солуна;*
*таму сите ќе се збираме,*
*сите борци – славно се бориме,*
*македонско име – нема да загине!*[6]

Во една друга песна со истата тема, во своето обраќање до „...верната му дружина“, јасно се гледа дека ова доаѓање на овие простори си има своја цел: организирање на населението:

*Утре вечер, утре вечер, Дојранското Поле,*
*трета вечер, трета вечер, Ѓевгелија града.*
*Четврта вечер, четврта вечер, у Солуна града,*
*там нѐ чекат, там нѐ чекат, наште стари мајки...*[7]

Гоце Делчев бил широко образована личност. На светот и состојбите гледал комплексно. Бил свесен дека епската битка што претстои не може да се добие без масовно учество на македонската жена. Затоа тој настојува таа да се упати во тајните на Организацијата. И не само да се упати, туку да биде и чинител и учесник во процесот на подготовките за востанието. Во село Робово, Струмичко, запишавме една прекрасна песна со ваков мотив. Мајката ја буди својата ќерка да стане порано и да направи „сладок ручок“, оти ќе им дојдат „мили госте“ – војводите македонски:

*Гоце Делчев, Марушу моме, мори, Дамјан Груев, /2*
*с' неколцина, Марушо моме, мори, от четата. /2*

[4] Песната е снимена на 6.10.1970 година во с. Куклиш, Струмичко; пееше: Киро Попов, роден 1909 год. во с. Куклиш. Снимил и дешифрирал: Иван Котев.

[5] Истото.

[6] Песната е снимена во с. Робово, Струмичко, на 12.10.1971 година; пееше Славчо Пандев, роден 1922 година во с. Босилово, Струмичко; земјоделец со завршено IV одделение. Снимил и дешифрирал: Иван Котев.

[7] Песната е снимена на 6.10.1970 год. во с. Куклиш, Струмичко. Пееше: Киро Попов, роден 1909 год. во с. Куклиш, Струмичко. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист од Струмица.

*Ќе збереме, Марушу моме, мори, сељаните, /2*
*ќе говорат, Марушо моме, мори, за востание,*
*за востание, Марушо моме, мори, протиф Турците.*
*За слобода, Марушо моме, мори, на народо, /2*
*на народо, Марушо моме, мори, македонсцки! /2* [8]

Во песните за Гоце, сосема нормално се појавуваат и други личности кои биле сраснати во националното ткиво на македонскиот народ. Во случајов тоа е Даме Груев кој побарал од Маруша, девојка оддадена на револуционерното дело, на четниците да го дарува својот невестински чеиз:

*Искарај го, Марушо моме, мори, бофчел'ко, /2*
*девет ката, Марушо моме, мори, машка руба. /2*
*Премени ги, Марушо моме, мори, четниците, /2*
*тија се борат, Марушо моме, мори, за слобода.*
*За слобода, Марушо моме, мори, на народо, /2*
*на народо, Марушо моме, мори, македонцки! /2* [9]

Од истата информаторка забележавме уште една песна со истиот мотив. Таа е тип на современа девојка, писмена, храбра и отворено соработува со водачите на револуционерната борба:

*Субрале се в'јводи,*
*ф таја Пирин Планина,*
*хеј, хеј, хеј, хај, ха,*
*ф таја Пирин Планина.*
*Таму беше Гоцета,*
*таму беше Дамјана,*
*хеј, хеј, хеј, хај, ха,*
*со нимната дружина.*
*Меѓу таја дружина*
*имаше и девојки,*
*хеј, хеј, хеј, хај, ха,*
*девојки кукушанки.*
*Таа што беше мојата,*
*бела книга дежеше,*
*хеј, хеј, хеј, хај, ха,*
*бела книга држеше.*
*Бела книга држеше,*
*црно писмо пишеше...*[10]

Песната, веројатно, е испеана после Хуриетот и Младотурската револуција, кога се ветуваше многу од младотурците, а не се доби ништо. Се изјаловија надежите на нашиот народ за реформи и за помирување. Затоа девојката пишува писмо што е испратено до султанот:

[8] Песната е снимена на 8.1.1971 година во с. Робово, Струмичко, Пееше: Савета Котева, родена во с. Робово, Струмичко, 1909 год., без образование.

[9] Истото.

[10] Песната е снимена на 8.1.1971 година во с. Робово, Струмичко, Пееше: Савета Котева, родена во с. Робово, Струмичко, 1909 год., без образование.

*Еј ти султан, султане,*
*што ти беше думата?*
Да пребереш аскеро,
*да ослободиш земјата!* [11]

Овој мотив е доста чест и го сретнавме во повеќе песни. Девојки и баби, седно, на прашањето од агата или бегот каде синоќа биле комитите или кои војводи биле во селото, каде вечерале, добива адекватен одговор:

*В'ф чичова беше, ле бегу, Дамај ле, Грују,*
*в'ф наши беше ле бегу, Делче вајвода.*
*Вечераја, бего море, право заминаја,*
*право заминаја, бего, низ Кукушко поле,*
*низ Кукушко Поле, бегу, знаме да развијат...!* [12]

Гоце Делчев бил свесен дека едно општо, масивно востание не може да се изведе без активно учество на селаните. „Затоа тој...ги вложил сите сили и дарби на народен трибун да ја прошири Организацијата на село и да ги придобие, организира и идејно да ги подготви нашите селани за пресметка со вековниот угнетувач. Тој често, особено во саботите и неделите „исчезнуваше" од Ново Село, преоблечен или не и се враќаше во неделата вечер или рано во понеделникот. Во ова време ги обиколуваше селата и создаваше комитети – јадра од кои постепено Организацијата ќе навлегува во секој селски дом. Сфаќајќи дека без наоружан народ нема востание".[13] Верувајќи на организираната селанска маса, тој се обраќа до селаните во моментите кога комитите, борци за народна слобода, се опколени од бројниот турски аскер:

*Тук ми беше Крсте Новоселски*
*с'с неговата дружина.*
*Тук ми беше и Гоце Делчев*
*с двајца негови другари.*
*Загледа ги турски аскер,*
*сардисаха селото.*
*Излегна́ си Гоце Делчев,*
*на сељани думаше:*
*–Еј сељане, милни братја,*
*братска помош давајте!* [14]

За активностите на Гоце Делчев околу омасовувањето на Организацијата во Струмица забележавме едно кажување поврзано со организирањето на селаните од о село Робово, Струмичко:

*„ Кажува Ристо Милев, паравнук на свештеникот Васил Петров.*

---

[11] Истото

[12] Песната е снимена на 10.4.1972 год. во с. Копстурино, Струмичко. Пееше Јован К. Василев, слеп старец, роден 1903 год. во с. Костурино, слеп, без образование, но со голема интелигенција и силна меморија. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист од Струмица.

[13] Крсте Битоски. *„Дејноста на Гоце Делчев" ви Штип – пресврт во вклучувањето на селанството во редовите на Организацијата".* Во: *ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ прилози за ликот и револуционерната дејнпост".* Штип 1986, 31 – 42 .

[14] Песната е снимена на 9.4.1970 година во с. Ново Село, Струмичко. Пееше Стојан Муров, роден 1903 год. во Ново Село. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист од Струмица.

*Васил Петров, свештеник и револуционер, е роден во село Робово, Струмичко. Природно надарен за учење, трудољубив и комуникативен, стигнал до свештеничкиот чин. Ракоположен е во Цариград, факт што зборува за неговиот лик и карактер, па и почит од црковните власти.*

*За него има повеќе легенди и преданија. Ќе ја кажам легендата за средбата како му е организирана и изведена со Гоце Делчев еден августовскли летен ден.*

*Поп Стефан, негов колега, го поканува да излезат на прошетка према село Муртино. Пита го:*

*–Зошто да одиме?*

*Вика:*

*–Така! Да прошетаме малко.*

*Тргнуват, ама по нив тргнува и синот на поп Стефан, Томе Јанушев, кој имал околу десетина години. Крејнат по пато према Муртино, полека одат, и на патот, упатен према Робово, се појавува еден човек со бел којн. Нашиот поп Васил му вика на овај:*

*–Го гледашп ли овај што иде? Знаеш ли кој е тој? (Ама му зборе на турски, да не разбере детето). И, на турски вика: тој е Гоце Делчев.*

*А тај малечќоа разбирал нешто турски. и вика:*

*–Кој? Гоце Делчев!?*

*–Ќут' бе ќопек! Каков Гоце Делчев! Ќе ти го сечеме јазикот! – му вика попо.*

*И, ништо. Направуват ја средбата, се поздравуват и одат во селото. Во селото го пречека нашјо поп. Имале сме некоја стара куќа и таму го носат. Со месното население направуват состанок, меѓу кои, го повикуват и учитело кој бил во тоа време. (Кој е бил, не можам да ти кажам). ...*

*За време на разговорите вика на поп Васил. Вика:*

*–Како оди со Организацијата, имаш ли некои проблеми?*

*–А бе, вика, немам ного проблеми, ама никако да го укључам учитело во работата.*

*–Т'ква ле работта? Ајде, вика на куриро, ој да го викнеш учитело!*

*Доваѓа учитело. Ка се појавува на вратта, извикал:*

*–Леле, учителе, проштавај! (Без ништо да го питат). Јас ного Ви згреших! Ти не учеше едно, а јас не ги исполних моите ветувања!*

*–Седни, вика. Биди смирен!*

*И ут тај ден учитело флегува во Организациата, организира ги побудните селани, а вршел и други организациони задачи.*

*Т'ва а еден дел од активноста на Поп Васил.“*[15]

Орачите по нивите, жетварките во полето, момите на седенките, овчарите во горите и планините, во своите срца го вгнездиле името и ликот на големиот народен син. Не само во песните, туку и на дело ја демонстрирале големата љубов кон својот водач и апостол. На овој мотив се надоврзуваат и други мотиви.

Мотивот за овчарчето кое будно ги следи настаните и знае за Делчев, исто е доста често застапен во песните за големиот револуционер. Во една песна, запишана во с. Ново Село, Струмичко, низ типична словенска антитеза, дознаваме зошто блее јагнето во „гора зелена“. Тоа блеело за младото овчарче кое било фатено од „тија клети Турци“ кои го одвеле на крајот од селото за да го распрашат за Гоце Делчев:

*–Еј овчарче, море, еј младо чобанче,*

[15] Кажувањето е снимено во Струмица, на 14.8.2015 година. Информатор: Ристо Милев, роден 1936 година во с. Робово, Струмичко, со више економско образование. Снимил и дешифрирал, Иван Котев, фолкорист од Струмица.

*што те прашам, море, право да ми кажеш!*
*Ако кажеш, море, ти жив ќе останеш!*
*Дал' го виде, море, тој Делчев војовода?*

Турците, веројатно, очекувале негирање, молби од овчарчето да го ослободат, да се смилостиват... - Меѓутоа, овчарчето смело одговара:

*–Видело сам, аго море, видело, слушало –*
*горатa за него, море, песни си пееше,*
*водата за него, море, думи си думаше!*
*Сега они тука, море, тука си минаја,*
*тука си минаја, море, и песни пејаја,*
*песни си пејаја, море, за наша Македонија!* [16]

Тоа е една обична, секојдневна ситуација во која се рефлектира длабочината на поврзаноста на Гоце со народот. Низ рефрените на песната не е искажана само љубовта, туку и верноста и преданоста кон Делчев и неговата борба.

*Македонија! Мајка Македонија! Македонски народ...* се зборови – воздишки и повик, со емоции набиени рефрени на крајот од многу песни за Гоце Делчев. Меѓу многуте песни за Гоце, го среќаваме и мотивот за бедните и незаштитени селани. Тој за нив е симбол на правичност и човечност, оличување на нивните копнежи за социјална правда. Тие негови особини се среќаваат во повеќе песни. Тој е „...суров и праведен судија, во него врие гневот на разбунтуваниот селанец“. [17]

Гоце Делчев бил личност со највисоки револуционерни морални особини и етички квалитети. Не трпел неправди и секогаш, кога ќе наидел на вакви состојби, расчистувал на самото место. Затоа бил почитуван раководител и сакана личност од целиот народ. Тој често бил меѓу народот, било поради организациони работи, било во својство на ревизор на четите. Во една од песните со тој мотив се пее како Делчев ги собрал своите другари на Пирин Планина и заминале за Македонија. Имал намера да виде какви се состојбите со Организацијата, каква е положбата на населението, иако знаел дека е очајна. Кога пристигнале во Кукушко Поле:

*Од далеко гледа Делче војвода,*
*дека пасат овци трима Арнаути,*
*оти си пасат сиромашки ниви.*
*Ајде што ми веле Делче војвода:*
*–Оти пас'те овци в сиромашки ниви?* [18]

Во меѓусебната расправија што настанала, Гоце ги убива натрапниците, а овците ги разделува на сиромасите:

*Море, што им веле Делче војвода,*
*ај, што им веле на негови другари:*

---

[16] Песната е снимена во с. Ново Село, Струмичко, на 5.5.1973 година . Пееше Ленка Ѓоргиева, родена во село Дрење, Кривопаланечко, во 1946 година. Македонка, православна, наставник по математика во с. Ново Село, Струимичко; има завршено Педагошка академија во Штип. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист од Струмица.

[17] Димче Најчески. „Ликот на Гоце Делчев во македонската народна поезија“, *Македонски фолклор,* година I, број 1, 1968. Скопје: Институт за фолклор, Скопје 1986, 105 – 117.

[18] Песната е снимена на 1.3.1972 година во с. Ѓавато, Гевгелиско; пееше: Трајко Проданов, роден 1900 год. во с. Ѓавато; Македонец, православен, земјоделец: има завршено I клас гимназија за време Балканските војни. Снимил и дешифрирал: Иван Котев.

*–Ајде, закарајте три бељука офци,*
*нија ќе ги дад’ме на сиромаси.* [19]

Гоце со широка палета е насликан како комита, војвода, учител, револуционер, а многу ретко среќаваме песни во кои е опеан во кругот на семејството, со мајка си и татка си и останатите. Една таква ретка песна запишавме во с. Секирник, Струмичко. Гоце седи замислен, а мајка му ја поставува софрата и го кани својот син на „ слатка вичера, кора, тучна кора“. На милата покана од мајка си, тој одговара:

*–Вичерајте, мале, мен ним ме канејте,*
*ас сам навичерин ут турцки јадуве!*
*Иди га пувикај, мила стара мале,*
*иди га пувикај бела Вилика*
*и она да дојде, мила стара мале,*
*и она да дојде, ду мене да седне!* [20]

Го среќаваме мотивот поврзан со везењето на македонското знаме, како и со мотивот на кукавицата „...што закука три дни пред Благовец“, таа е виновна за погибијата на многу борци, мотив кој бил омилен на Гоце Делчев:

*– Кузум Јане, леле милна ќерко,*
*саноќ седеш и на ѓерѓеф везиш.*
*Зашто везиш биринџи кошула?*
*Леле мале, кузум стара мајко,*
*јас не везам биринџи кошула,*
*јас си везам македонско знаме;*
*абер дојде од Делче војвода*
*да навезам македонско знаме.*[21]

Овој мотив најчесто е поврзан со веста за смртта на Гоце Делчев и побудува силни емоции. Песна со истиот мотив запишавме и во село Дабиља, Струмичко. Со денови Јана везе на ѓерѓефот и навезала „знаме копринено“. На прашањето од мајка ѝ за кого го везе знамето, Јана одговара:

*–Јас тава знаме дар ќе го дарувам,*
*дар ќе го дарувам на тој Гоце Делчев!*
*Гоце Делчев, дека пушки пукат,*
*пушки ле пукат и гарнати реват...*
*Еј, таму е мојто прво либе,*
*прво либе, тој Делче вајвода.*[22]

Мајка ѝ на Јана внимателно ја соопштува тажната вест за Гоце. Таа веќе дознала за неговата смрт:

[19] Истото.

[20] Песната е снимена на 8.2.1971 год. во с. Секирник, Струмичко; пееше Магда Петрова, родена во с. Крецево, Кукушко, Егејска Македонија, 1906 година, а во Секирник донесена 1913 година. Има завршено IV одд. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист..

[21] Песната е снимана на 27.1.1972 год. во с. Ѓавато, Гевгелиско; пееше Мито Дејков, роден 1906 година во с. Ѓавато; има завршено III одд. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист од Струмица.

[22] Песната е снимена на 19.2.1975 год. во с. Дабиља, Струмичко; пееше Неца В’чева, родена 1920 год. во село Дабиља; има завршено IV одд. Снимил и дешифрирал Иван Котев, фолклорист од Струмица.

*– Слушај, Јано, слушај мила ќерко,*
*јазе ле, Јано, нешто сам дочула...*
*Гоце Делчев са го убијале!*[23]

Јана низ силен плач ја колне „сивата кукавица“, стар мотив од ајдучките и комитските песни и ја обвинува за смртта на војводата. Низ песна и збор, кобната вест ја обиколува Македонија. Во песните со овој сижет се осветлува одзивот за смртта на Гоце.

Песните за Гоце Делчев обилуваат со раскошна симболика. Симболите се, обично, силни птици, натприродни суштества или природни појави:

*Болен ми лежи млад Делчев,*
*млад Делчев, млади војвода,*
*во таја Пирин Планина.*
*Никој ми нема рани да преврзе,*
*водица да му донесе,*
*сенкица да му направи.*
*Над него се вијат два орла,*
*два орла, два сиви сокола.*
*Делчев на орли зборува:*
*–Орлици, сиви орлици,*
*со крилја ми сенкла правејте,*
*сос уста ми вода носејте...!*[24]

Гоце загина, но неговото дело остана да живее во душата на Македонсците. Тие плачат и се тешат еден со друг. Низ солзи во очите, со неверојатно чувство за симболика, ја тешат шумата и изразуваат ведба и верност на големото дело на Гоце, оддавајќи му признание за сè она што направи за Македонија:

*Ај не плачи и не т'жи, гори ле зелена,*
*не грижи се да посрешнеш сланата есена,*
*но да кажеш: „Бог да прости старите војводи –*
*и Ивана, и Драгана, и Делчев в Балкана!“*
*Тија м'же посејаха семе за слобода,*
*а п'к нија ќе го жнијме – куга време дојде.*
*Това време наближава, чујте мојта дума,*
*скоро, горо, ќе се зберем' под твојата шума!* [25]

Во судбоносните времиња во кои живеел и делувал Гоце Делчев, песната била сопатник и учител, утеха и другар на нашиот народ. Таа е и вест и коментатор на случувањата во Македонија и пошироко. „Токму затоа и Гоце е предаден најкомплексно и како револуционер и како човек, како знаме на Револуцијата, како симбол на народната чест и достоинство, како вера на Македонецот во неопходната победа над ропството. Со сето тоа Гоце Делчев во претставата на нашиот народ се појавува како единствен наполно оформен лик во македонската

[23] Истото.

[24] Песната е снимена на 2.3.1988 год. во с. Петралинци, Струмичко; пееше Стојанка Трајановска, родена во село Петралинци; Македонка, православна, земјоделка; има завршено VII одд. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист од Струмица .

[25] Песната е снимена на 24.11.1970 год. во с. Иловица, Струмичко; пееше Живко Андонов, роден 1912 год. во село Сурлево, Дојранско, Егејска Македонија, а во Иловица донесен за време егзодусот, 1913 година. Земјоделец, со завршено IV одд. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолкорист.

револуционерна народна поезија, како примерен лик на борец за националното и социјалното ослободување на својот народ“. [26]

Ликот и делото на Гоце Делчев силно е одразен и во уметничката литература, сликарството, вајарството и други уметнички гранки. И со право: тој е вечно живиот симбол на македонскиот народ за слободен и достоинствен живот и за тоа, како треба да се сака и чува нашата татковина Македонија.

[26] Д-р Блаже Ристовски, Кон песните во овој Зборник, *Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули“,* Избор, редакција и забелешки Д-р Блаже Ристовски, Музиколошка обработка Ѓорги М. Ѓорѓиев, Соработник Татјана Жежељ – Каличанин, Скопје 1974, 6.

**СОДРЖИНА**

**Кон читателот**....5

**ВОВЕДНИ ОБРАЌАЊА** ....7

**Катерина Тодороска**....9

**Никола Јанкуловски** ....11

**Љупчо Коцарев** .... 13

**ИСТОРИЈА** ....17

**Митко Б. Панов**
Средновековна Македонија во националната идеја на македонските интелектуалци (пред и по Илинденското востание) .... 19

**Виолета Ачкоска**
Гоце Делчев и улогата на личноста во историјата .... 25

**Наташа Котлар**
Делчевиот концепт за морална и политичка револуција .... 35

**Гоце Панговски**
Гоце Делчев - симбол на Македонците во борбата за ослободување и обединување на Македонија во Втората светска војна....45

**Марина Цветаноска**
Идејните аспекти на Гоце Делчев во борбата за македонското национално единство....59

**Зоран Иванов**
Стратегиско влијание на герилските активности на Гоце Делчев .... 65

**Васил Ѓорѓиев - Ликин**
Гоце Делчев, свештеникот Симеон Горбачев и Македонците .... 75

**Тодор Чепреганов**
Документ од распитот на Глигор Циклев во Министерството за надворешни работи на Кралството СХС во 1922 година .... 87

**Силвана Сидоровска - Чуповска**
Гоце Делчев и неговите погледи за македонскиот револуционерен печат . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 93

**Билјана Поповска, Иванка Василевска**
Македонската револуционерна организација и дејствувањето на Гоце Делчев . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 101

**Вера Гошева**
Кукушката емиграција во Бугарија и споменот за Гоце Делчев
во периодот меѓу двете светски војни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 111

**Билјана Ванковска**
Значењето на ликот и митот за Гоце Делчев за македонската политичка самосвест . . . . . . . . . . . . . . . . . 117

**Зејни Мазлами**
Интерпретациите на албанската историографија за
македонското прашање во 1903 година . . . ............................................................ . . . . . . . 131

**Митко Котовчевски**
Воено-одбранбениот концепт на македонското национално-ослободително движење
во светлината на учењето за вооружениот народ и моделот на народна војна .....................135

**Васил Стерјовски**
Гоце Делчев и Македоците во Албанија .......................................................................145

**Ицо Најдовски - Перин**
Голготата на моштите на Гоце Делчев ..........................................................................151

**ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА, МЕМОРИЈА, ТРАДИЦИЈА**....................................................158

**Елка Јачева - Улчар**
Ликот на Гоце Делчев и Македонците низ призмата на неговата преписка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 161

**Валентина Миронска - Христовска**
Македонската национална икона Гоце Делчев во литературната меморија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 167

**Лорета Георгиевска - Јаковлева, Билјана Рајчинова - Николова**
Местата на меморија за историскиот лик Гоце Делчев . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . 177

**Катерина Тодороска**
Мажовски – Делчев – Конески . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 189

**Димитар Пандев**
Речта на Конески за Делчев . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 195

**Весна Мојсова - Чепишевска и Иван Антоновски**
Делчев во македонскиот код на драмскиот текст . . . . . . . . . . 201

**Славчо Ковилоски**
Гоце Делчев и македонското женско прашање . . . . . . . . . . 209

**Ирина Бабамова**
Гоце Делчев и францускиот јазик во сведоштвата на учителката Катарина Џидрова . . . . . . . . . . 213

**Ана Витанова - Рингачева и Иван Котев**
Современи записи на народни песни и кажувања за Гоце Делчев
од Струмичко – Гевгелискиот регион . . . . . . . . . . 225

**ГОЦЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ** . . . . . . . . . . 235

**Нада Јурукова**
Просветителската мисија и револуционерната мисла на Гоце Делчев . . . . . . . . . . 237

**Игор Јуруков**
Ликот и делото на Гоце Делчев во македонското образование од основањето на
македонската држава до современието . . . . . . . . . . 249

**Невена Петковска и Роберт Босилковски**
Гоце Делчев како историска фигура во учебниците за основно образование . . . . . . . . . . 255

**Борче Милошески**
Македонскиот револуционер Гоце Делчев во современата настава
по историја во гимназиското образование . . . . . . . . . . 261

**Игор Јанев**
Улогата на космополитизмот на Гоце Делчев во воспитно – образовниот процес
реализиран во рамките на гимназиското образование . . . . . . . . . . 265

**Мартин Додевски**
Претставувањето на Гоце Делчев како историска фигура во
македонското основно образование . . . . . . . . . . 273

Издавач:
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Уредник:
Катерина Тодороска
Лектура:
Ирена Ралева-Најдевска
Марија Антевска
Дизајн на корица:
Владимир Хаџи Пулевски
Компјутерска подготовка:
МЕНОРА
Место на издавање: Скопје
Година на издавање: 2023
Издание: 1 из.
Печати: Студентски сервис ДОО Скопје
Тираж: 100 примероци

Ставовите изнесени во трудовите се лични ставови на авторите и не ги одразуваат ставовите на Уредувачкиот одбор.

Изданието е потпомогнато од Министерството за образование и наука и ИП „МЕНОРА“

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

929:325.83-05Делчев, Г.(062)
394.46:929Делчев,Г.(062)

150 години од раѓањето на Гоце Делчев, Прилози од научната конференција (2022 ; Скопје)
150 години од раѓањето на Гоце Делчев : (Прилози од научната конференција одржана во Скопје на 3-4 мај 2022 год.) / Уредувачки одбор претседател Катерина Тодороска ... [и др.]. - Скопје : Институт за национална историја, 2023. - 297 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Summary. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4981-14-5

а) Делчев, Гоце, 1872-1903 - -- Чествување -- Зборници б) Делчев, Гоце, 1872-1903 - -- Револуционерна дејност -- Зборници

COBISS.MK-ID 60019973